# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.16/25 од 14.11.2025 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба*     *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

# СОДРЖИНА

1. Заклучок за објавување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.................... 3
2. Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.................................................................... 4
3. Заклучок за објавување на Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Росоман............................................................................... 5
4. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Росоман.................................................................................................................. 6
5. Заклучок за објавување на Решението за избор на Претседател на Совет на Општина Росоман............................................................................................... 7
6. Решение за избор на Претседател на Совет на Општина Росоман............................ 8

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, донесено на Првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 14.11.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-802/1.1**
**17.11.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Росоман, член 4, член 104 и член 122 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на Првата (конститутивна) седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за избор на Претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања

**1.** Со ова Решение се врши избор на Претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

**2.** За Претседател на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се избира:

- Оливер Петров.

За членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се избираат:

- Весна Јаневска;
- Влатко Трајков;
- Јовица Стошиќ; и
- Трајанка Ризова.

**3.** Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања има задача да ги разгледува оригиналите на издадените уверенија од Општинската изборна комисија за избор на членови на Советот, врши соодветна идентификација, му доставува на Советот предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот и ги разгледува приговорите во врска со предлозите за верификација, разгледува и подготвува предлози за избор, именување и разрешување од надлежност на Советот, дава предлог за висината на надоместокот на патните и дневните трошоци на членовите на Советот, како и на трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на општината.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-802/1.1**
**14.11.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО ПРВАТА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Росоман, донесена на Првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 14.11.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-802/1.3**
**17.11.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 од Статутот на Општина Росоман и член 3 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на Првата (конститутивна) седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Росоман

### Член 1

Со оваа Одлука се врши верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Росоман избрани на локалните избори во општина Росоман одржани на ден 19.10.2025 година.

### Член 2

Согласно Извештајот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се верифицираат мандатите на членовите на Совет на Општина Росоман и тоа:

1. Ангел Камчев;
2. Трајанка Ризова;
3. Пене Александров;
4. Оливер Петров;
5. Весна Јаневска;
6. Јовица Стојановиќ;
7. Јовица Стошиќ;
8. Влатко Трајков;
9. Ристо Јошев.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-802/1.3**
**14.11.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО ПРВАТА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за избор на Претседател на Совет на Општина Росоман, донесено на Првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 14.11.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-802/1.4**
**17.11.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 37 и член 14 од Статутот на Општина Росоман и член 34 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на Првата (конститутивна) седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за избор на Претседател на Совет на Општина Росоман

1. Со ова Решение се врши избор на Претседател на Совет на Општина Росоман.

2. За Претседател на Совет на Општина Росоман се избира:

   – Ангел Камчев.

3. Претседателот на Советот на Општина Росоман е со мандат од 4 (четири) години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-802/1.4**
**14.11.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО ПРВАТА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**Ристо Јошев с.р.**